# АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

# ШЕСТМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**СКОПЈЕ, јануари 2012**

## ВОВЕД

Согласно член 15 став 2 од Законот за катастар на недвижности (˝Службен весник на Република Македонија˝ бр.40/08, 158/10, 17/11 и 51/11), Директорот на Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошен текст АКН) секои шест месеци доставува извештај за работата на АКН до Владата на Република Македонија. Извештајот содржи податоци за видот и обемот на работите од надлежност на АКН во периодот од 01.07.2011 година до 31.12.2011 година.

Во извештајот работите од надлежност на АКН според видот на работите се групирани во следните точки:

- *Тековни активности*
- *Работа на Управниот Одбор;*
- *Јавни набавки;*
- *Приходи и расходи;*

## ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

Во изминатиов период АКН спроведе низа реформски активности во насока на ефикасно функционирање по примерот на европските агенции за катастар.
Севкупните реформски активности се со крајна цел:

- забрзување на процесот на запишување на правата на недвижностите на целата територија на Република Македонија, и
- поедноставување на процедурите преку реорганизација на шалтерските функции, воведување на автоматизација, информатичка технологија и ефикасни услуги за запишување на правата на недвижностите.

### Востановување на катастар на недвижности

Во следниот графикон е прикажана динамиката на востановување на КН




| | 1989 | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| % години | 0,53 | 0,06 | 0,23 | 0,29 | 3,41 | 2,13 | 3,37 | 4,32 | 2,56 | 0,41 | 4,79 |
| ∑% | 0,53 | 0,59 | 0,82 | 1,11 | 4,52 | 6,65 | 10,02 | 14,34 | 16,9 | 17,31 | 22,1 |

| | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| % години | 13,58 | 1,25 | 2,17 | 3,54 | 1,95 | 2,56 | 3,11 | 15,49 | 19,24 | 11,09 | 3,42 | 0,37 |
| ∑% | 35,68 | 36,93 | 39,1 | 42,64 | 44,59 | 47,15 | 50,26 | 65,75 | 84,99 | 96,08 | 99,5 | 99,87 |

Во следниот графикон е дадена состојбата со востановувањето на КН на 31.12.2011:




**Одржување на катастар на земјиште и катастар на недвижностите**

Се врши во 29 подрачни одделенија и во Центарот за КН Скопје, на вкупно 1.698 катастарски општини. На крајот на декември 2011 година бројот на нерешени предмети изнесува 3.894 предмети .

Во следниот графикон е дадена динамиката на бројот на нерешени предмети по месеци.



Вкупниот број на примени предмети во 2005 година изнесуваше 323.695, во 2006 година примени се 337.040 нови предмети , во 2007 година примени се 389.447, во 2008 година примени се вкупно 636.798, во 2009 година примени се 651.432 предмети и во 2010 година примени се 838.408 предмети.

**<u>Во текот на 2011 година за прв пат се примени над 1 милион предмети, односно: 1.160.894 предмети.</u>**

Бројот на новопримени предмети за период од 1-ви јули до 31-ви декември 2011 година во Центарот за КН Скопје и во 29 подрачни одделенија за КН изнесува 542.091 предмети.

Во следниот дијаграм е прикажана динамиката на зголемување на бројот на предметите во последните години:




Во периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година во Центарот за КН Скопје и во 29 подрачни одделенија за КН се примени вкупно 542.091 нови предмети, и тоа:

- 29 подрачни одделенија за КН 384751;
- ЦКН Скопје 157.340.

По месеци бројот на примени предмети е прикажан во следниот дијаграм:




| | Јули 2011 | Август 2011 | Септември 2011 | Октомври 2011 | Ноември 2011 | Декември 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЦКН СКОПЈЕ | 26619 | 26077 | 22508 | 23422 | 32632 | 26082 |
| 29 ОКН | 52752 | 64813 | 54464 | 52371 | 102766 | 57585 |
| ВКУПНО | 79371 | 90890 | 76972 | 75793 | 135398 | 83667 |

**Нови услуги за граѓаните и за приватните геодетски фирми**

**Е-шалтер** е нова интернет апликација, која Агенцијата за катастар на недвижности ја воведе за потребите на нотарите и другите професионални корисници на услуги од катастарот.

Со апликацијата Е–шалтер, се овозможува испраќање барања за податоци и пријави за промени, како и добивање на потребните податоци по електронски пат. Веродостојноста на документите се потврдува со електронски потпис издаден од овластен издавач. Надоместокот за услугата и административната такса се плаќа со платежна картичка преку виртуелен ПОС терминал. Преку Е-шалтерот, граѓаните преку професионалните корисници (нотарите и приватните геодетски друштва), како крајни корисници на услугите можат да ја реализираат саканата трансакција со недвижностите и да ја евидентираат во јавната книга на брз, ефикасен и сугурен начин, без лично да се појават на шалтерот на Агенцијата за катастар на недвижности.

Услугата Е-шалтер е достапна секаде каде што е воведен електронскиот катастар.

АКН во процесот на институционално зајакнување, започна со воведување на нов систем за регистрација ( Е-Катастар ).

На 01.06.2010 година сиситемот Е-Катастар стана оперативен во ЦКН-Скопје.

До крајот на четвртиот квартал од 2011 година, Е-Катастарот стана оперативен и во Подрачните оделенија на АКН: Неготино, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Свети Николе, Куманово, Ресен, Струга, Дебар, Кичево, Битола, Валандово, Гевгелија, Прилеп и Струмица .

Ролл-оут на новиот систем за регистрација Е-Катастар во сите Одделенијата за КН низ Р. Македонија започна во втората половина на 2010 година и се очекува да трае до крајот на првата половина од 2012 година.

Со имплементацијата на Е-Катастарот, АКН промовира нов систем за увид во статусот на предметите со цел зголемување на транспарентноста кон граѓаните.

**Нова можност за издавање имотни листови**

Со воведувањето на електронскиот катастар, Агенцијата за катастар на недвижности отвори нова можност, со која граѓаните кои побаруваат имотни листови во катастрите каде што е во функција електронскиот катастар (во Центарот за катастар на недвижности – Скопје и во катастарските одделенија во Неготино, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Свети Николе, Куманово, Ресен, Струга, Дебар, Кичево, Битола, Валандово, Гевгелија, Прилеп и Струмица) можат да побараат и да добијат имотен лист за недвижност која се наоѓа во друг град.

Меѓу Центарот за катастар на недвижности – Скопје и катастарските одделенија кои се вклучени во системот на електронскиот катастар е овозможен меѓусебен пристап до податоците за имотните листови што им овозможува на граѓаните од Скопје да можат да побараат и да добијат имотен лист на шалтерот во Скопскиот катастар за имот кој се наоѓа во Неготино, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Свети Николе, Куманово, Ресен, Струга, Дебар, Кичево, Битола, Валандово, Гевгелија, Прилеп и Струмица и обратно. На овој начин, со можноста во својот град да извадат имотен лист од друга општина, граѓаните не се изложуваат на дополнителни трошоци за патување до градот каде што имаат имот за да добијат имотен лист.

Агенцијата во моментов работи и на имплементација на електронскиот катастар и во останатите катастарски одделенија. Оваа функционалност ќе биде проширена според динамиката за воведување и во останатите катастарски одделенија.

**АКН-ГИС портал со 2Д и 3Д функционалности**

АКН – ГИС порталот со 2Д и 3Д функционалности претставува географски информационен систем со податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, кој дава можност за увид и пребарување во графичката база на податоци по број на парцела или преку пребарување на графичките податоци да се дојде до бројот на парцелата и бројот на имотниот лист. Сите овие можности на системот се достапни за анонимните корисници, кои на АКН-ГИС порталот може да пристапат без најавување.

Порталот нуди пошироки можности од аспект на преглед, навигација и увид во целата графичка база на податоци со која располага АКН, за регистрирани корисници и професионални корисници. Како на пример: увид во ортофото и топографски карти, во различни размери и години на снимање, можност за креирање на сопствена геометрија и размена на документи, можност за читање и преземање на точки од геодетската мрежа за различни геодетски мерења, увид и пребарување по координати за било која точка од територијата на РМ, односно парцелата да ја лоцираат на графиката преку координати добиени со GPS - уред (мобилен телефон) и да го видат нејзиниот број.

Преку овој портал, потенцијалните инвеститори од секаде во светот можат да дојдат до потребните информации за избор на погодна локација за инвестирање. Преку 3Д приказот на конфигурацијата на теренот, стекнуваат претстава за местоположбата на локацијата, релјефот, инфраструктурата (патишта, железници, реки), приодот до самата локација, а преку бројот на парцелата и имотниот лист увид во носителот на сопственичките права за таа локација.

Територијата на РМ е прикажана со авионски снимки од снимањето во јуни 2009 година (ортофото снимки). Во тек е проектот за дигитализација, финансиран од Светска Банка, со кој сите катастарски планови ќе бидат дигитализирани. Проектот е предвидено да трае три години и по неговото завршување, во низата на успешно реализирани проекти на АКН, целата територија на РМ ќе биде покриена со дигитални графички податоци за недвижностите.

**Изработка на дигитални топографски карти**

Заклучно со декември 2011 година, АКН ја заврши изработката на дигиталната топографска карта на Република Македонија во размер 1:25.000. Во тек се подготвителни активности (обуки на вработените) за изработка на дигитални топографски карти на Република Македонија во поситен размер, односно во размери од 1:50.000 и 1:100.000, 1:200.000 и 1:500.000.

## РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07.2011 ДО 31.12.2011

**Извештај за усвоени/донесени акти од УО на АКН за период од Јуни-Декември 2011 година**

*46 седница на УО одржана на 07.06.2011*

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за одржување бр. 01-8128/1 од 07.06.2011

-Одлука (со која се уважува барањето на ССМ за покривање на дел од трошоците за 17 те спортски игри) бр.02-8126/1 од 07.06.2011

-Одлука за изменување на Одлуката за ограничување на висината на сметката на службените мобилни телефони бр.02-8127/1 од 07.06.2011

*47 седица на УО одржана на 08.07.2011*

- Деловник за работа на Управниот одбор на АКН бр.01-9704/1 од 08.07.2011

-Одлука за утврдување на распоред на работното време во ЦКН бр. 02-8989/2 од 08.09.2011

-Одлука за изменување на Одлука за избор на претседател и заменик претседател на Управниот одбор на АКНбр. 02-9692/1 од 08.07.2011

-Одлука за изменување на Одлуката за висината на месечниот паушал и за надоместоците за патни трошоци за учество во работата на Управниот одбор на АКН бр. 02-9693/1 од 08.07.2011

*48 седница на УО одржана на 15.08.2011*

-Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година на АКН бр. 02-114/5 од 15.08.2011

-Одлука за изменување на Одлуката за усвојување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година на АКН бр. 02-1115/4 од 15.08.2011

-Одлука за изменување на Одлуката за ограничување на висината на сметката на службените фиксни телефони бр. 02-11109/1 од 15.08.2011

*49 седница на УО одржана на 22.09.2011*

- Одлука за ограничување на месчната потрошувачка на гориво за службените моторни возила при Агенцијата за катастар на недвижности бр. 02-7130/3 од 22.09.2011

-Одлука за изменување на Одлуката за усвојување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година на АКН бр. 02-1115/5 од 22.09.2011

- Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година на АКН бр. 02-1114/6 од 22.09.2011

-Одлука ( со која се уважува барањето на СОКС за покривање на трошоците за спортски игри) бр. 02-12687/1 од 22.09.2011

*50 седница на УО одржана на 05.10.2011*

-Одлука за измена на Одлуката за избор на записничар и помошник записничар на Управниот одбор на АКН бр. 02--13401/1 од 05.10.2011

*51 седница на УО одржана на 27-28.11.2011*

- Одлука за утврдување на работните места за државните службеници со специфична природа на работните задачи и посебност на извршување то на посебните должности и овластувања бр. 02-19150/2 од 28.10.2011

*52 седница на УО одржана на 10.11.2011*

-Одлука за дополнување на Одлуката за ограничување на висината на сметката на службените мобилни телефони бр.02-8127/2 од 10.11/2011

-Одлука за прекнижување на основни средстав и ситен инвентар бр. 02-15049/1 од 10.11.2011

-Одлука за усвојување на расходување на основни средства бр. 02-15050/1 од 10.11.2011

-Одлука за усвојување на расходување на ситен инвентар бр. 02-15051/1 од 10.11.2011

*53 седница на УО одржана на 06.12.2011*

-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за ограничување на месечната потрошувачка на гориво за службените моторни возила при Агенцијата за катастар на недвижности бр. 02-7130/4 од 06.12.2011

*54 седница на УО одржана на 14.12.2011*

-Годишна програма за реализација на стратешки план на АКН за 2012 бр. 01-16791/1 од 14.12.2011

-Годишна програма за обука на државните службеници за 2012 бр. 01-16810/1 од 14.12.2011

*55 седница на УО одражна на 28.12.2011*

- Измена на финасиски план на АКН за 2011 бр. 01-17493/1 од 28.12.2011

-Финансиски план на АКН за 2012 бр. 01-17492/1 од 28.12.2011

-Правилник за начинот на вршење на видео надзорот во Агенцијата за катастар на недвижности бр. 01-17445/1 од 28.12.2011

- Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата за катастар на недвижности бр. 01-17486/1 од 28.12.2011

- План за создавање на систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци бр. 01-17487/1 од 28.12.2011

- Правила за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластени лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема 01-17488/1 од 28.12.2011

- Правила за пријавување, реакција и санирање на инциденти бр. 01-17489/1 од 28.12.2011

- Правила за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите во Агенцијата за катастар на недвижности бр. 01-17490/1 од 28.12.2011

- Правила за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци бр. 01-17491/1 од 28.12.2011

## ЈАВНИ НАБАВКИ
## Преглед на реализацијата на Планот за јавни набавки за 2011 година

| РБ | Опис на јавната набавка | Вид на постапка | Цена по ПЈН | Склучени договори | Реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Авионски билети и хотелско сместување | отворена постапка | 4.200.000 | 2.404.480 | 57% |
| 2 | Огревен материјал - дрва | собирање на понуди | 200.000 | 149.472 | 75% |
| 3 | Огревен материјал - јаглен | собирање на понуди | 40.000 | 37.900 | 95% |
| 4 | Огревен материјал - течни горива - екстра лесно | отворена постапка | 5.000.000 | 3.720.000 | 74% |
| 5 | Поштенски услуги - брза пошта | собирање на понуди | 300.000 | 300.000 | 100% |
| 6 | Комуникациски услуги - телефон (преку централно тело за ЈН) | (Преку централно тело за ЈН) | 3.000.000 | 3.000.000 | 100% |
| 7 | Телекомуникациски услуги - мобилна телефонија ( две години) (преку централно тело за ЈН) | (Преку централно тело за ЈН) | 3.600.000 | 3.600.000 | 100% |
| 8 | Технички преглед и регистрација на моторни возила | собирање на понуди | 300.000 | 114.880 | 38% |
| 9 | Транспорт на стоки | собирање на понуди | 300.000 | 300.000 | 100% |
| 10 | Други комуникациски услуги - изнајмување на ВПН линии | отворена постапка | 6.600.000 | 5.620.143 | 85% |
| 11 | Канцелариски материјал | отворена постапка | 1.700.000 | 1.033.180 | 61% |
| 12 | Набавка на хартија за копирање | отворена постапка | 4.000.000 | 2.793.000 | 70% |
| 13 | Печатени материјали по спецификација | отворена постапка | 4.000.000 | 2.180.700 | 55% |
| 14 | Тонери, кертриџи и рибони | отворена постапка | 4.000.000 | 3.499.099 | 87% |
| 15 | ХТЗ опрема | собирање на понуди | 300.000 | 90.000 | 30% |
| 16 | Средства за одржување хигиена | прибирање на понуди со оглас | 800.000 | 458.890 | 57% |
| 17 | Ситен инвентар, алати и други материјали | прибирање на понуди со оглас | 500.000 | 293.400 | 59% |
| 18 | Сервисирање на моторни возила со набавка на резервни делови | отворена постапка | 2.000.000 | 2.000.000 | 100% |
| 19 | Одржување на згради, електрична инсталација, систем за вентилација, хигиено - техничко одржување на простории, климатизери и централна климатизација и инсталација за топловодно греење со набавка на резервни делови | отворена постапка | 6.400.000 | 6.400.000 | 100% |
| 20 | Обезбедување на објекти | прибирање на понуди со оглас | 700.000 | 334.800 | 48% |
| 21 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | собирање на понуди | 300.000 | 137.502 | 46% |
| 22 | Одржување на електронски мерач за работно време со набавка на резервни делови | отворена постапка | 1.200.000 | 700.000 | 58% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 23 | Одржување на мобилни телефонски уреди со набавка на резервни делови | собирање на понуди | 300.000 | 300.000 | 100% |
| 24 | Одржување на систем „земи бројче„со набавка на резервни делови | собирање на понуди | 300.000 | 300.000 | 100% |
| 25 | Одржување на систем за видео надзор со набавка на резервни делови | собирање на понуди | 300.000 | 300.000 | 100% |
| 26 | Одржување на софтвер за плата (за две години) | собирање на понуди | 300.000 | 147.600 | 49% |
| 27 | Одржување на софтвер за финансиска и материјална евиденција (за две години) | собирање на понуди | 200.000 | 200.000 | 100% |
| 28 | Одржување на софтвер за трезорско работење (за две години) | собирање на понуди | 200.000 | 76.080 | 38% |
| 29 | Одржување на софтвер за основни средства (за две години) | собирање на понуди | 200.000 | 132.203 | 66% |
| 30 | Сервисирање и одржување на компјутерска опрема со набавка на резервни делови | отворена постапка | 1.400.000 | 890.000 | 64% |
| 31 | Одржување и сервисирање на пасивна компјутерска мрежа со набавка на резервни делови | отворена постапка | 1.200.000 | 1.200.000 | 100% |
| 32 | Одржување и сервис на копир апарати, факс и телефонски апарати и телефонски централи со набавка на резервни делови | отворена постапка | 1.300.000 | 1.300.000 | 100% |
| 33 | Сервисирање на пп инсталација, громобранска инсталација и систем fm 200 со набавка на резервни делови | отворена постапка | 2.000.000 | 2.000.000 | 100% |
| 34 | Одржување и сервис на геодетски инструменти и опрема со набавка на резервни делови | собирање на понуди | 300.000 | 300.000 | 100% |
| 35 | Одржување на агрегат и упс на акн со набавка на резервни делови | собирање на понуди | 300.000 | 300.000 | 100% |
| 36 | Одржување на лифт со набавка на резервни делови | собирање на понуди | 150.000 | 150.000 | 100% |
| 37 | Одржување на зеленило | прибирање на понуди со оглас | 600.000 | 600.000 | 100% |
| 38 | Одржување на alpha open vbs систем | прибирање на понуди со оглас | 600.000 | 353.886 | 59% |
| 39 | Одржување на систем за продукција и дистрибуција | отворена постапка | 3.500.000 | 3.445.455 | 98% |
| 40 | Одржување на ORACLE SE | прибирање на понуди со оглас | 600.000 | 381.900 | 64% |
| 41 | Одржување и надградба на модул за нотари | прибирање на понуди со оглас | 500.000 | 474.864 | 95% |
| 42 | Одржување и надградба на web - gis портал | прибирање на понуди со оглас | 500.000 | 500.000 | 100% |
| 43 | Одржување и надградба на е - катастар | отворена постапка | 15.000.000 | 15.000.000 | 100% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 44 | Одржување на активна гнсс мрежа | отворена постапка | 4.000.000 | 3.998.514 | 100% |
| 45 | Провизија за промет преку пос терминали | отворена постапка | 2.000.000 | 1.250.000 | 63% |
| 46 | Осигурување на имот и вработени | отворена постапка | 2.400.000 | 1.014.406 | 42% |
| 47 | Канцелариски списи (укоричување) | прибирање на понуди со оглас | 1.000.000 | 1.000.000 | 100% |
| 48 | Печатење на топографски карти | отворена постапка | 2.000.000 | 0 | 0% |
| 49 | Надзор на градежни работи | собирање на понуди | 300.000 | 300.000 | 100% |
| 50 | Надворешна ревизија | прибирање на понуди со оглас | 700.000 | 230.000 | 33% |
| 51 | Дигитални сертификати за електронски потпис | собирање на понуди | 300.000 | 182.288 | 61% |
| 52 | Консултантски услуги и медиумска кампања | отворена постапка | 4.000.000 | 4.000.000 | 100% |
| 53 | Набавка на безалкохолни пијалоци | собирање на понуди | 300.000 | 141.252 | 47% |
| 54 | Услуги за кафемати | собирање на понуди | 300.000 | 300.000 | 100% |
| 55 | Набавка на новогодишни пакетчиња | собирање на понуди | 300.000 | 210.262 | 70% |
| 56 | Објавување огласи на македонски и албански јазик | отворена постапка | 3.500.000 | 3.500.000 | 100% |
| 57 | Канцелариска опрема - метални рафтови | отворена постапка | 1.400.000 | 799.000 | 57% |
| 58 | Мобилни телефонски уреди | собирање на понуди | 250.000 | 0 | 0% |
| 59 | Информатичка опрема | отворена постапка | 1.600.000 | 1.379.551 | 86% |
| 60 | Изработка на проект за реконструкција на стара административна зграда | прибирање на понуди со оглас | 500.000 | 337.000 | 67% |
| 61 | Реконструкција на стара административна зграда | отворена постапка | 7.000.000 | 5.820.100 | 83% |
| 62 | Лиценци за централизиран компјутерски анти вирус софтвер за вкупно времетраење од 3 години | отворена постапка | 2.000.000 | 1.825.674 | 91% |
| 63 | Лиценци за е-маил сервер | прибирање на понуди со оглас | 600.000 | 532.119 | 89% |
| 64 | Лиценци за AutoCad софтвер | собирање на понуди | 300.000 | 266.709 | 89% |
| 65 | Надградба на мак-едит | собирање на понуди | 300.000 | 293.500 | 98% |
| 66 | Набавка на софтвер за е - комерц | отворена постапка | 1.300.000 | 0 | 0% |
| 67 | Имплементација на стандард МК EN ISO 9001:2008 | отворена постапка | 3.500.000 | 290.000 | 8% |
| | **ВКУПНО** | | **119.040.000** | **95.189.811** | **80%** |

**ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА АКН**

Средствата за работа на АКН се обезбедуваат од Буџетот на РМ и средства остварени од сопствени приходи.

Приходите и расходите по сметките 637, 787 и 786 се дадени во следните табели:

**Буџетска сметка - 637**

| ставка/ програма | опис на ставка | Буџет 2011 | реализација од 01.01. до 30.06.2011 | % на реализација од 01.01.до 30.06.2011 | реализација од 01.07.до 31.12.2011 | % на реализацијад 01.07.до 31.12.2011 | реализација од 01.01. до 31.12.2011 | % на реализацијад 01.01.до 31.12.2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 401-10 | основни плати и надоместоци | 19.826.000,00 | 10.810.876,00 | 54,53 | 8.937.402,00 | 45,08 | 19.748.278,00 | 99,61 |
| 402-10 | придонеси за социјално осигурување | 5.588.000,00 | 1.080.628,00 | 19,34 | 3.633.039,00 | 65,02 | 4.713.667,00 | 84,35 |
| 401-20 | основни плати и надоместоци | 201.333.000,00 | 102.366.140,00 | 50,84 | 98.792.819,00 | 49,07 | 201.158.959,00 | 99,91 |
| 402-20 | придонеси за социјално осигурување | 25.608.000,00 | 11.883.147,00 | 46,40 | 13.672.889,00 | 53,39 | 25.556.036,00 | 99,80 |
| **Вкупно** | | **252.355.000,00** | **126.140.791,00** | **49,99** | **125.036.149,00** | **49,55** | **251.176.940,00** | **99,53** |

Буџетска програма 10 - Администрација

Буџетска програма 20 - Програма за катастар на невижности

**Сметка за самофинансирачки активности - 787**

| Ставка/ програ ма | Опис на ставка | Буџет 2011 | Реализација 01.01.до 30.06. | % реализац 1.1.до30.6 . | Реализација 01.07.до 31.12. | % реализац 1.7.до 31.12. | Реализација 01.01.до 31.12. | % реализац 1.1. до 31.12. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 420-10 | патни и дневни расходи | 1.000.000,00 | 477.278,50 | 47,73 | 481.923,50 | 48,19 | 959.202,00 | 95,92 |
| 421-10 | комунални услуги,греење,комуникација | 9.000.000,00 | 4.471.791,00 | 49,69 | 3.966.013,50 | 44,07 | 8.437.804,50 | 93,75 |
| 401-20 | основни плати и надоместоци | 23.625.000,00 | 7.883.185,00 | 33,37 | 12.735.875,00 | 53,91 | 20.619.060,00 | 87,28 |
| 402-20 | придонеси за социјално осигурување | 61.128.000,00 | 31.811.598,00 | 52,04 | 27.249.854,00 | 44,58 | 59.061.452,00 | 96,62 |
| 420-20 | патни и дневни расходи | 5.000.000,00 | 2.189.541,00 | 43,79 | 2.037.912,00 | 40,76 | 4.227.453,00 | 84,55 |
| 421-20 | комунални услуги,греење,комуникација | 32.200.000,00 | 14.296.604,50 | 44,40 | 11.259.921,50 | 34,97 | 25.556.526,00 | 79,37 |
| 423-20 | материјали и ситен инвентар | 21.700.000,00 | 7.723.810,00 | 35,59 | 5.543.443,50 | 25,55 | 13.267.253,50 | 61,14 |
| 424-20 | поправки и тековно одржување | 24.500.000,00 | 6.410.215,50 | 26,16 | 4.638.664,50 | 18,93 | 11.048.880,00 | 45,10 |
| 425-20 | договорни услуги | 24.000.000,00 | 10.256.187,00 | 42,73 | 5.360.745,50 | 22,34 | 15.616.932,50 | 65,07 |
| 426-20 | други тековни расходи | 14.571.173,50 | 1.768.505,00 | 12,14 | 5.453.608,00 | 37,43 | 7.222.113,00 | 49,56 |
| 464-20 | разни трансфери | 579.040,00 | 371.986,00 | 64,24 | 207.054,00 | 35,76 | 579.040,00 | 100,00 |
| 465-20 | исплата по судски решенија | 1.765.786,50 | 50.086,50 | 2,84 | 1.715.700,00 | 97,16 | 1.765.786,50 | 100,00 |
| 480-20 | купување на опрема и машини | 2.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 14.890,00 | 0,74 | 14.890,00 | 0,74 |
| 481-20 | градежни објекти | 11.000.000,00 | 517.187,00 | 4,70 | 2.132.900,00 | 19,39 | 2.650.087,00 | 24,09 |
| 425-21 | договорни услуги | 1.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 424-22 | поправки и тековно одржување | 5.000.000,00 | 4.718.246,50 | 94,36 | 0,00 | 0,00 | 4.718.246,50 | 94,36 |
| 421-2А | комунални услуги,греење,комуникација | 8.000.000,00 | 2.375.719,50 | 29,70 | 2.739.534,00 | 34,24 | 5.115.253,50 | 63,94 |
| 424-2А | поправки и тековно одржување | 16.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 22.856,00 | 0,14 | 22.856,00 | 0,14 |
| 480-2А | купување на опрема и машини | 2.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 1.618.869,00 | 80,94 | 1.618.869,00 | 80,94 |
| 485-2А | вложувања и нефинансиски средства | 11.800.000,00 | 3.839.911,00 | 32,54 | 2.203.725,50 | 18,68 | 6.043.636,50 | 51,22 |
| 451-3А | каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | 13.350.000,00 | 5.091.083,50 | 38,14 | 3.617.237,50 | 27,10 | 8.708.321,00 | 65,23 |
| 491-3А | отплата на главнина на нерези. кредитори | 53.350.000,00 | 26.619.099,00 | 49,90 | 26.585.047,00 | 49,83 | 53.204.146,00 | 99,73 |
| 426-К2 | други тековни расходи | 200.000,00 | 0,00 | 0,00 | 68.625,00 | 34,31 | 68.625,00 | 34,31 |
| **Вкупно** | | **342.769.000,00** | **130.872.034,50** | **38,18** | **119.654.399,00** | **34,91** | **250.526.433,50** | **73,09** |

| | |
|---|---|
| пренесено салдо на 01.01.2011 | **92.751.503,50** |
| приход од 01.01.-30.06.2011 | **133.412.201,50** |
| приход од 01.07.-31.12.2011 | **140.134.344,50** |
| вкупно средства 01.01.-31.12.2011 | **366.298.049,50** |
| истрошени средства по ставки до 31.12.2011 | **250.526.433,50** |
| салдо на сметката на 31.12.2011 | **115.771.616,00** |

| |
|---|
| Буџетска програма 10 - Администрација |
| Буџетска програма 20 - Програма за катастар на недвижности |
| Буџетска програма 21 - НИПП |
| Буџетска програма 22 - Основни геодетски работи и картографија |
| Буџетска програма 2А - ГКИС |
| Буџетска програма 3А - Реформа на катастар и регистр. на недви. |
| Буџетска програма К2 - Стручно оспособување и усовршување |

## Кредит од Светска Банка сметка - 786

| ставка/ програма | опис на ставка | Буџет 2011 | реализација од 01.01.до 30.06.2011 | % на реализација од 01.01.до 30.06.2011 | реализација од 01.07. до 31.12.2011 | % на реализација од 01.07.до 31.12.2011 | реализација од 01.01. до 31.12.2011 | % на реализација од 01.01.до 31.12.2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 421-3А | комунални услуги,греење,комуникац. | 816.000,00 | 387.927,00 | 47,54 | 384.570,50 | 47,13 | 772.497,50 | 94,67 |
| 423-3А | материјали и ситен инвентар | 800.000,00 | 17.048,00 | 2,13 | 540.592,00 | 67,57 | 557.640,00 | 69,71 |
| 424-3А | поправки и тековно одржување | 640.000,00 | 156.261,50 | 24,42 | 274.686,00 | 42,92 | 430.947,50 | 67,34 |
| 425-3А | договорни услуги | 22.330.000,00 | 14.908.531,50 | 66,76 | 7.046.605,00 | 31,56 | 21.955.136,50 | 98,32 |
| 426-3А | други тековни расходи | 4.480.000,00 | 437.427,00 | 9,76 | 3.874.142,50 | 86,48 | 4.311.569,50 | 96,24 |
| 480-3А | купување на опрема и машини | 21.460.000,00 | 5.009.838,00 | 23,35 | 0,00 | 0,00 | 5.009.838,00 | 23,35 |
| 485-3А | вложувања во софтвери | 21.200.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **Вкупно** | **71.726.000,00** | **20.917.033,00** | **29,16** | **12.120.596,00** | **16,90** | **33.037.629,00** | **46,06** |

Буџетска програма 3А - Реформа на катастар и регистрација на недвижности

Врз основа на претходно изнесеното, Агенцијата за катастар на недвижности и предлага на Владата на Република Македонија да ги донесе следните

## З А К Л У Ч О Ц И

1. Владата на Република Македонија го разгледа и го усвои шестомесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности.
2. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности да го продолжи и заокружи процесот на востановување на катастар на недвижности на целата територија на Република Македонија.
3. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности да продолжи со понатамошните реформи кои значат целосно имплементирање на законот за катастар на недвижности.